# Н А О Д  И  М И С Л Е Њ Е

**Од областа на безбедност и здравје при работа во парнична постапка пред Основен суд Скопје 2 Скопје**

**Декември – 2013 г.** **Вешто лице:**

# 1. ОСНОВ:

Барање НА ЗАВОДОТ ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА ДООЕЛ СКОПЈЕ, доставено преку полномошници на тужените, за вештачење од областа на безбедност и здравје при работа, со кое вешто лице се задолжува, врз основа на увид во документацијата во предметот како и врз основа на увид во службената документацијата на тужениот да изготви наод и мислење, во кој ќе се произнесе во однос на тоа дали има и кои :

- Евентуални пропусти на тужените и
- Пропустите на вработениот.

**1.1. По добивањето на Барањето за вештачење од страна на вешто лице беа преземени следи активности со кои беше опфатено:**

- Запознавање и проучување на предметот;
- Проучување на тужбеното барање на тужителите од Скопје;
- Проучување и испитување на околностите кои довеле до повредувањето со трагичен исход на,
- Увид во изјавите на вработените кои на критичната дата работеле,
- Посета на бензинска пумпа Тони Петрол лоцирана во с. Негорци општина Гевгелија,
- Разговор со второоптужениот и сведокот.

## 2. Н А О Д

**2.1.** Покојниот од с. Бразда Скопско, по занимање машин бравар, кај тужениот ДТПМО „Тега +„ ДООЕЛ Скопје, од 01.04.2009 година бил вработен како ракувач со боци. На 01.12.2010 година работејќи на подготовка на резервоар за ТНГ за периодично техничко испитување на бензинска пумпа во с. Негорци, сопственост на „Тони Петрол„ ДООЕЛ Скопје, со намера да ги намонтира филтерот и вентилите за преточување на ТНГ, поради недостаток на кислород во отворот, истиот се задушил и починал на лице место.

**2.2 Краток опис на настанот**: Ден пред критичниот настан, починатиот со помошник колегата, од второ оптужениот, во „Тега +„„ ДООЕЈ Скопје лице за технички работи, добиле усмена наредба, на 01.12.2019 година во раните утрински часови, да тргнат во с. Негорци за да го подготват резервоарите за ТНГ за техничко испитување. Испитувањето требало да извршат инспекторите од центар за истражување, развој и континуирано образование „ЦИРКО„ од скопје.

Резервоарот се наоѓале во кругот на бензинска пумпа сопственост на „Тони Петрол„ ДООЕЛ од Скопје во с. Негорци оп. Гевгелија. Договорот, помеѓу ДТПМО „Тега+„ ДООЕЛ и „Тони Петрол„ ДООЕЛ Скопје бил, вработените од

ДТПМО „Тега+„ ДООЕЛ Скопје, работникот и неговиот помошник колега, да извршат тн. растеретување на сад под притисок односно растеретување на садови за сместување на ТНГ.
Откако пристигнле на самото местото каде се наоѓале резервоарите работникот, , констатирал дека изведбата на регулациона арматура, пумпа и вентил за преточување на ТНГ се сместени во шахта длабока околу 3,5м со попречен пресем 1 х 1 м и дека досега немал работено на резервоари сместени под земја. Оваа забелешка во телефонскиот разговор му ја соопштил на второоптужен при што овој му рекол да ги сачекаат инспекторите од ЦИРКО Скопје па тогаш да одлучат што ќе преземаат понатаму. По пристигнување на екипата од „Цирко„ Скопје, одлучиле работата да ја продолжат.
Откако инспекторите го завршиле техничкото испитување си заминале а на работникот и неговиот помошникот им останала завршната работа да го испразнат резервоар од вода и да ја вратат регуалциона арматура во првобитна состојба.
Кога на крај работникот требало да ги постави филтерот и вентил за преточување, слегол во шахтата и од последиците на недостаток на кислород починал на лице место.

### 2.3. Карактеристики на ТНГ (Пропан – $C_3H_8$ Бутан – $C_4H_{10}$

ТНГ е безбоен, особено запалив и експлозивен гас, со карактеристична миризба. Бидејќи е 1,9 пати потежок од воздух се задржува по пониските места со што со своето присуство го истиснува кислородот. Затоа спаѓа во група на загушливи гасови тн. „загушливци„. Не е отровен туку само во поголеми концентрации има лесно наркотично дејство. Со воздух создава експлозивна смеша која лесно може да се запали во присаство на отворен пламен.

Во случај на неконтролисано истекување ТНГ нагло испарува и преоѓа во гасна агрегатна состојба, се задржува во приземните слоеви и има тенденција на движење кон пониските терени. Затоа често се наожа и на поголеми растојанија од местото на истекување. Течниот ТНГ во допир со кожа создава измрзнатини, тн. ладни опекотини.

**Максимална дозволена концентрација во работна околина изнесува 1800 $mg/m^3$ за пропан односно 1900 $mg/m^3$ за бутан.**

### 2.4. Подготовка на садови под притиско за техничко испитување

Пред почеток на чистење на садовите под притисок (Правилник за технички нормативи за заштита од пожари и од експлозии при чистење на садови за запаливи течности Службен весник на СРМ бр. 44/83 член 13), мораат да се извршат следните работи:

- Визуелен преглед и утврдување на техничката исправност на надземните садови,
- Утбрдување на физичко-хемиските особими на запаливата течност,
- Мерење на височината на слојот на талогот (тињата) во садот заради утврдување на неговата приближна зафатнина,
- Преземање на мерки за заштита од статички електрицитет.

**2.5. Постапка при растеретување на сад со ТНГ**

- Растеретување на сад од притисок односно празнење на сад од преостанатата содржина на ТНГ, се врши во друг сад најчесто во цистерна за транспорт на ТНГ,
- Проветрување на сад и отвори (шахти) природно или вештачки со уфрлување на воздух или инертен гас,
- Мерење на можно присаство-концентрација на ТНГ (која не смее да биде поголема од 10% (согласно член 18 од Правилник за технички нормативи за заштита од пожари и од експлозии при чистење на садови за запаливи течности Службен весник на СРМ бр. 44/83),
- Полнење на резервоар со вода и повторно мерење на концентрацијата на ТНГ во подземни отвори односно во шахти работната околина,
- Испитување на сад со притисок од 25 бара,
- Празнење на сад од вода и поставување на пропратна мерна и регулациона арматура.

***Забелешка:*** Повторното мерење на концентрацијата на ТНГ после полнење на сад со вода, се врши исклучиво од бебедносни причини бидејќи при полнење на сад, водата го истиснува, доколку го има, преостанатиот ТНГ во гасовита состојба, а со оглед на тоа дека ТНГ е потежок од воздух нормално е да се очекува негово присуство во подземни отвори во конкретен случај во придружната шахта на сад за ТНГ.

## 3. АНАЛИЗА НА ПРИЛОЖЕНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- **Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување.**

Од бразецот М1/М2 е утврдено дека работникот по занимање машинбравар, во Друштво за трговија, производство и монтажа на опрема „ТЕГА +„ ДООЕЛ Скопје, бил вработен на 01.04. 2009 година како ракувач со боци.

- **Извадок од описот на работни задачи за работно место „Ракувач со Боци„.**

Од описот на работни задачи, составен и печатиран во мај 2010 година, констатирано е дека освен примарните работни задачи на работно место ***ракувач со боци,*** додадени се и други работи, доколку има потреба за тоа, како што е наведено во описот:

- Учество во изработка на инсталација за пропан-бутан,
- одржување на пропан-бутан станици,
- редовно и периодично испитување на резервоари за пропан-бутан,
- Учество при преточување на пропан-бутан од транспортна цистерна во стабилен резервоар,
- ракување со станица за пропан-бутан.

- **Реверс за лична заштитна работна опрема за вработените**

Од реверсот за задолжени лични заштитни средства се гледа дека работникот бил задолжен со ЛЗС и тоа го потврдил со личен потпис. Во реверсот стои дека оштетениот бил задолжен со;

-  работно одело,
-  работни кондури,
-  заштитни наочари,
-  кожни ракавици и
-  маска за лице.

**Забелешка: На реверсот нема дата на задолжувањето.**

- **Лекарско уверение за општа здравствена состојба на работникот**

Лекарското уверение, е издадено од ПЗУ Поликлиника Неуромедика на 04.05 2010 година, под реден број 2591/2010, во кое е констатирано дека работникот е способен за предвидените работи односно работни задачи.

- **Извадок 3.6 ПОСЕБНИ МЕРКИ НА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА НА ПРОПАН БУТАН СТАНИЦИ**

  Во извадокот 3.6 во вид на упатство, се наведени посебни мерки за безбедност при работа, подготвено од дипл.маш.инг. и второоптужениот, без печат и датум кога е подготвено, во кое стои - При работа на пропан бутан станици треба да се запазат и преземаат посебни мерки на безбедност и тоа:

  o Резервоарот треба да лежи на стабилни фундаменти и истиот да се обезбеди со сајли од евентуално испливување поради подземни води,

  o На резервоарот да се постават соодветни вентили, манометар, термометар, сигурносни вентили, манометар,

  o Пумпниот агрегат треба да биде наменет за пропан-бутан и комплетиран во работилница,

  o Диспанзерот исто така треба да се однесе на објектот комплетиран со потребна арматура,

  o Испитувањето на резервоарот да се изврши хидраулички со вода на притисок од 25 бари во траење од 30 минути,

  o Испитување на противломните вентили да се изврши на притисок од 5-10 бари,

  o Сигурносните вентили да се испитаат на 18,3 бари,

  o При периодично испитување на резервоарот процедурата е иста со тоа што претходно трба резервоарот да се растовари од заостанатиот течен и гасен пропан-бутан преку вентилите за дренажа и вентилот за гасна фаза. Растоварувањето се врши полека со внимание со цел да не се создаде зголемена концентрација на ТНГ во воздух, при тоа да се користи приклучок од цевка или црево кое ќе се постави на висина од минимум 2,5 метри од околниот терен,

  o Не смее да се работи ако во резервоарот има било каков притисок,

  o Ако е потребно поради чистење или контрола на внатрешноста на резервоарот да се влегува во него, претходно треба да се провери дали има присуство на ТНГ и колу изнесува. За таа цел да се користи детектор за откривање и мерење на концентрацијата на ТНГ.

- **Записник бр. 07-070596 од 01.12.2010 година, од извршен инспекциски надзор од страна на државен инспектор за труд подрачно одделение-Гевгелија.**

Државен инспектор за труд подрачно одделеније-Гевгелија за настан бил известен околу 21 часот и 30 минути од страна на МВР Гевгелија и веднаш излегол на лице место.

- ЕЛАБОРАТ за хигиено техничка заштита во „ТЕГА +„ ДООЕЛ – Скопје

Во Елаборатот за хигиено техничка заштита (застарен термин) дадени се каракатеристики на сите технички гасови со кои „Тега +„ Дооел Скопје работи, со мерки за заштита доколку вработените дојдат во контаминирана работна зона.

**3.1. Документација која не е доставена на увид:**

- Договор за вработување,
- Решение за работа и работни задачи,
- **Акт за проценка на ризик со изјава за безбедност,**
- **<u>Уверение од извршена обука на работникот од обласҭа на безбедност и здравје при работа.</u>**

**4. АНАЛИЗА**

**Во Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07) во поглавје II ОПШТИ ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧОТ наведено е:**

**4.1.** Член 5 точка (1) од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07) ги предвидува општи обврски на работодавачот а меѓу другото: **„Работодавачот има обврска да обезбеди безбедност и здравје при работа за неговите вработени од секој аспект поврзан со работа. Во рамките на неговите обврски, работодавачот мора да преземе мерки потребни за безбедност и здравје при работа на вработените, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обука и обезбедување соодветна организација и потребни средства„**.

**4.2**. Член 9 став 1 алинеја 1, 2, 3, 12 и 13 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07)
**„Работодавачот ги спроведува мерките за безбедност и здравје при работа врз основа на следниве основни начела„:**

- Избегнување на ризици,
- Проценување на ризици кои не можат да се избегнат,
- Справување на ризици на самиот почеток,
- Давање на приоритет на колективните безбедносни мерки наспроти поединечните мерки ,
- **Обезбедување на соодветни упатства и инструкции и известувања на вработените.**

**4.3.** Член 17 став 5 и 6 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07) децидно е кажано дека

**„Работодавачот мора да обезбеди мерки за безбедност и здравје при работа особено со:**

- **Обука на вработени за безбедно извршување на работа врз основа на сопствена програма,**
- **Обезбедување опрема за лична заштита за вработените и нејзината употреба, доколку преземените безбедносни мерки во работната средина не се доволни.**

**4.4.** Во член 25 точка (1) од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07) е предвидено дека;

**„Работодавачот мора да ги информира вработените за безбедно извршување на работата преку писмени известувања и упатства. Во исклучителни случаи, кога вработените се изложени на непосредна опасност по нивното здравје или живот, такви известувања и упатства може да се пренесат и усно и во нив ќе се вклучат сите преземени мерки во однос на безбедност при работа„**.

**4.5.** За безбедно извршување на работните задачи секој работодавач мора на вработените да им обезбеди соодветни обуки. Согласно Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07) поглавје 4. Обука на вработените член 31 став (1) и (2) е наведено дека:

(1) „**Работодавачот мора на секој вработен да му обезбеди соодветни обуки за беабедност и здравје при работа:**

- При вработување,
- Во случај на преместување на ново работно место,
- Во случај на воведување на нова технологија или нови средства за работа и
- Во случај на секоја измена на работниот процес која може да го промени нивото на безбедноста и здравје при рработа.

(2) Обуката за безбедност и здравје при работа мора да се прилагоди кон спецификите на работното место и мора да се изведе во согласност со програмата која мора да биде ажурирана и изменета во поглед на новите облици и видови на опасност

(3) Теоретските и практичните обуки за безбедно извршување на работата се спроведуваат во работното време кај работодавачот или на друго место.

(4) Работодавачот утврдува задолжителни редовни теоретски и практични испити за безбедно извршување на работата за сите вработени на работното место каде што е констатирана зголемена опасност од повреда и нарушување на здравјето при процена на ризикот, како и за сите оние вработени на работни места каде што е зголемен број на случаи на повреда на работа и загрозување на здравјето.

**4.6.** Во член 40 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/97) стои:

„Вработен меже да работи на работи на работно место или во услови на изложеност на зголемена опасност од повреда или нарушување на здравјето (работа при зголемен или намален воздушен притисок, високи или ниски

температури, штетни зрачења, зголемени вибрации, бучава, работа со болни од заразни болести и со заразни материјали, работа во вода и влага, тешка физичка работа, теренска работа изложена на атмосферски неприлики и други опасности, работа во услови на недоволна или пресилна осветленост, работа во простории загадени со хемиски штетности, работа под земја или под вода, работа на височина или на длабочина, работа на летачки персонал и слично) само врз основа на процена на овластена здравствена установа со која се потврдува **способност на вработениот** за односната работа.

### 5. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

**5.1.** Член 38 став 1 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07)

- Право и обрска на секој вработен е да се грижи за сопствената безбедност и здравје и за безбедноста и здравјето на други лица кои работат со него, во согласност со обукитеи инструкциите кои му се дадени од страна на работодавачот, **да биде запознаен со мерките за безбедност и здравје при работа и да биде обучен за нивната примена.**

**5.2.** Член 39 став 2 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07)

- (2) вработениот има право да одбие извршување на работа, доколку е изложен на непосредна опасност по здравјето или животот, **кога не се спроведени безбедносни мерки и да побара нивно отстранување**.

## 6. М И С Л Е Њ Е

Врз основа на наодот и преземените активности за утврдување на околности под кои оштетениот од с. Брзак Скопско, извршувајќи ги своите работни обврски, починал на самото место, од аспект на безбедност при работа, согласно „Законот за безбедност и здравје при работа„ (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 92/07) и Правилникот за техничките нормативи за заштита од пожари и експлозии при чистење на садови за запаливи течности (Сл. Весник на СРМ бр. 44/1983), вешто лице по безбедност и здравје при работа го дава следно мислење:

**6.1. Работни задачи поврзани со работното место „ракувач на боци„** претставуваат работни задачи од зголемен ризик по здравјето на вработените, особено кога се работи на подготовка односно растеретување на стабилни садови за ТНГ за редовно и периодично техничко испитување. За обавување на работните задачи вработените треба добро да ги познаваат садови под притисок и нивните приклучни елементи, како и физичко-хемиските особини на секој гас со кој доаѓаат во контакт.

Во пракса се сретнуваат две изведби на стабилни садови за ТНГ. Надземна и подземна изведба. Во конкретен случај изведба, на стабилни садови за ТНГ на бензинска станица во с. Негорци сопственост на „Тони Петрол„ од Скопје, е

подземна со тоа што вентилот и пумпа за преточување биле сместени во шахта со длабочина од околу 3,5 м. широка 1х1м. по технички нормативи со оглед на карактеристики на пропан-бутан не е дозволено. (При посета на бензинска станица „Тони Петрол„ во с. Негорци направена е реконструкција така што пумпата и вентилите за преточување се сместени над земја).

**6.2. Подготовка за техничко испитување на стабилен сад за сместување на ТНГ се состои во то што:**

- Прво, доколку е сад под притисок треба да се растерети односно доколку во сад се наоѓа течна фаза на ТНГ таа треба да се испразни во друг сад најчесто во цистерна за транспорт на ТНГ,
- Со помош на детектор во работната зона се врши мерење на концентрацијата на ТНГ која не смее да биде поголема од 10%.
- Одкако ќе се утврди дека концентрацијата на ТНГ е под макцимално дозволена вредност и дека се создадени безбедни услови за работа се пристапува кон полнење на резервоар со вода.
- Кога резервоарот ќе се наполни со вода, повторно се мери концентрација на ТНГ во зоната на испитување. Ова мерење се прави од причина што и со оглед на тоа што ТНГ е потежок од воздух и се задржува во пониски слоеви а може случајно во подземниот сад да е останата извесна количина на ТНГ во гасна фаза а со полнење на резервоарот со вода може да биде истиснат на површина во конкретен случај во шахта каде се наоѓа вентил за преточување.
- Одкако резервозрот ќе се испита резервоарот се празни од вода, повторно се мери концентрација на ТНГ па тогаш се поставува пропратна арматура.
- На работни задачи „ракувач со боци„ треба де се распоредат само добро теоретски и практично обучени лица кои ги исполнуваат општите и посебни здравствени услови.

## 6.3. ПРОПУСТИ НА РАБОТОДАВАЧОТ

**Пред одредување на работни задачи на работната група, која на критичниот ден вршела подготовка на сад за ТНГ за редовно техничко испитување, од страна на тужениот постојат пропусти кои се огледаат во следно:**

- Работодавачот не постапил согласно член 9 став 13 и на вработените, пред заминување за извршување на работни задачи подготовка на резервоари за ТНГ за периодично техничко испитување на бензинска станица во с. Негорци сопственост на „Тони Петрол„ ДООЕЛ Скопје, не им обезбедил соодветни **упаства и инструкции** за безбедно извршување на работните задачи.

- Работодавачот Друштвото за трговија, производство и монтажа на опрема „ТЕГА +„ при распоредување на работната група за работа на подготовка на стабилен резењрвоар за ТНГ за редовно техничко испитување, не ги обезбедил општи и посебни мерки за заштита при работа односно работодавачот не постапил согласно член 5 точка (1) од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07) кој ги предвидува општи обврски на работодавачот а меѓу другото:

**„Работодавачот има обврска да обезбеди безбедност и здравје при работа за неговите вработени од секој аспект поврзан со работа. Во рамките на неговите обврски, работодавачот мора да преземе мерки потребни за безбедност и здравје при работа на вработените, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обука и обезбедување соодветна организација и потребни средства„**.

- Работодавачот не постапил согласно член 11 став 1 (Службен весник на РМ бр. 92/07) во кој е кажано:
„Секој работодавач мора да изготви и спроведе изјава за безбедност за секое работно место, прецизирајќи го начинот, како и мерките кои треба да се преземат.
Во актот за проценка на ризикот и изјавата за безбедност треба да бидат содржани сите можни опасности и штетности по животот и здравјето на вработените, во сите фази на работењето, како и ризици кои можат да бидат на работното место **ракувач со боци** со мерки кои мора де се преземат за нивно намалување или отстранување.

- Член 17 став 5 и 6 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07) децидно е кажано дека
**„Работодавачот мора да обезбеди мерки за безбедност и здравје при работа особено со:**
**- Обука на вработени за безбедно извршување на работа врз основа на сопствена програма,**
**- Обезбедување опрема за лична заштита за вработените и нејзината употреба, доколку преземените безбедносни мерки во работната средина не се доволни.**

- Работодавачот не постапил согласно член 25 точка (1) од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07) во кој се предвидува дека; **„Работодавачот мора да ги информира вработените за безбедно извршување на работата преку писмени известувања и упатства. Во исклучителни случаи, кога вработените се изложени на непосредна опасност по нивното здравје или живот, такви известувања и упатства може да се пренесат и усно и во нив ќе се вклучат сите преземени мерки во однос на безбедност при работа„**.

- Работодавачот не постапил согласно член 31 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07) поглавје 4. Обука на вработените став (1), (2), (3) и (4) во кои е наведено дека:
(1) „**Работодавачот мора на секој вработен да му обезбеди соодветни обуки за беабедност и здравје при работа:**

- **<u>При вработување,</u>**
- Во случај на преместување на ново работно место,
- Во случај на воведување на нова технологија или нови средства за работа и

- Во случај на секоја измена на работниот процес која може да го промени нивото на безбедноста и здравје при рработа.

(2) Обуката за безбедност и здравје при работа мора да се **<u>прилагоди кон спецификите на работното место</u>** и мора да се изведе во согласност со програмата која мора да биде ажурирана и изменета во поглед на новите облици и видови на опасност.

(3) **<u>Теоретските и практичните обуки за безбедно извршување на работата</u>** се спроведуваат во работното време кај работодавачот или на друго место.

(4) **<u>Работодавачот утврдува задолжителни редовни теоретски и практични испити за безбедно извршување на работата за сите вработени на работното место каде што е констатирана зголемена опасност од повреда и нарушување на здравјето</u>** при процена на ризикот, како и за сите оние вработени на работни места каде што е зголемен број на случаи на повреда на работа и загрозување на здравјето.

- **Во член 40 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/97) стои:**

„Вработен меже да работи на работи на работно место или во услови на изложеност на зголемена опасност од повреда или нарушување на здравјето (работа при зголемен или намален воздушен притисок, високи или ниски температури, штетни зрачења, зголемени вибрации, бучава, работа со болни од заразни болести и со заразни материјали, работа во вода ивлага, тешка физичка работа, теренска работа изложена на атмосферски неприлики и други опасности, работа во услови на недоволна или пресилна осветленост, рработа во простории загадени со хемиски штетности, работа под земја или под вода, работа на височина или на длабочина, работа на летачки персонал и слично) само врз основа на процена на овластена здравствена установа со која се потврдува **способност на вработениот** за односната работа.

## 6.4. ПРОПУСТИ НА ВРАБОТЕНИОТ

Пропусти на вработениот се огледаат во тоа што не постапил согласно член 38 став 1 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07) во кој се вели:

- Право и обрска на секој вработен е да се грижи за сопствената безбедност и здравје и за безбедноста и здравјето на други лица кои работат со него, во согласност со обукитеи инструкциите кои му се дадени од страна на работодавачот, **да биде запознаен со мерките за безбедност и здравје при работа и да биде обучен за нивната примена.**

Член 39 став 2 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07)

- (2) вработениот има право да одбие извршување на работа, доколку е изложен на непосредна опасност по здравјето или животот, **кога не се спроведени безбедносни мерки и да побара нивно отстранување**.

**Забелешка:**Доколку работодавачот ја спровел и теореската обука на вработените, по своја програма, во која на вработените покрај обрските мора да им се предочат и правата на вработените особено, член 39 став 2  од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07), до повредувањето на вработен со трагични последици не би дошло.

Декември 2013 г. Вешто лице: